# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 31.3.2016; година IV; бр. 21

www.medium.edu.mk


ТЕМА ЗА ДИЛЕМА



Фото: Игор Банџолиев

# Гејмерство: Хоби, професија или заработка?

Играњето игри веќе одамна не се случува само преку дружењата низ маалски улички и паркови. Денес, првата асоцијација за игри за децата и тинејџерите се виртуелните, односно видеоигрите. Нивниот ефект е честа тема на полемизирање, како во училиштата помеѓу наставниците, така и во дебатите за медиумско образование и дигитална писменост.

Во глобални рамки, оние што се занимаваат со ваквите игри се познати како гејмери, а гејмерството, односно е-спортот, е дефиниран како нова дисциплина во која учесниците се натпреваруваат во играње видеоигри. Овој тренд не е непознат за средношколците во земјава. Напротив, ем ги има многу на број, ем имаат искуство и извонреден талент.

Според искусните играчи, овој „спорт“ може да биде и хоби и професија, а сè зависи од тоа колку си „навлезен“ во него, од времето што му го посветуваш и од личните амбиции.

стр. 5



ИНТЕРВЈУ СО СТОЈАНЧЕ СТОИЛОВ

## Стоилов: И денес ги имам истите другари како и во средно

стр. 3



КАДЕ БЕВМЕ

## Богата историја, секојдневие полно со проекти и натпревари

стр. 4

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

## Момчето што им дава живот на старите патики и автомобили

стр. 6


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

# НИЗ ХОДНИЦИТЕ

Медиум

## ВОВЕДНИК



**Александра Темenугова, раководител на студиската програма во Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и уредник на „Медиум“**

### Аирлија за никулецот на критичката мисла

Пред вас е новото издание на средношколскиот весник „Медиум“, којшто го слави својот петти роденден. Мал, но многу значаен јубилеј за неговите издавачи – Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и за дневниот весник „Нова Македонија“. Задоволството е уште поголемо оти низ изминативе пет години, со растењето на „Медиум“, растеше и редакцијата. А ќе расте и понатаму.

Со поддршката на Европската Унија, Високата школа и нејзините партнери следните три години уште поинтензивно ќе работат со средношколците, обидувајќи се тие да станат медиумски писмени граѓани кои ќе знаат како да пристапуваат до разни информации, како да ги перципираат, но и како да ги користат медиумите за да кажат што мислат.

„Медиум“, како и досега, е отворен да ги сподели случувањата во училиштата, успесите на талентираните ученици, достигнувањата на натпреварите во земјата и во странство. Но „Медиум“ е и плоштад на слободата. Учениците можат да го користат како форум за критичка мисла, место каде што ќе ги изразуваат своите ставови и ќе алармираат кога постарите почнуваат да инфицираат делови од системот загрозувајќи ја иднината на младите. Тука е местото за нивните предлози, идеи и средношколски дебати.

„Медиум“ ќе излегува секој месец за време на учебната година. Освен весникот, Високата школа и „Нова Македонија“ во текот на годината ќе организираат пет работилници и дебати, на кои ученици, новинари, професори и претставници на институции ќе дискутираат за трендови и важни прашања поврзани со медиумите и младите. Овие јавни настани ќе се организираат во различни училишта ширум земјата.

Секоја година ќе се одржува Ден на медиумската писменост, во којшто ќе се вклучат повеќе медиуми и училишта за да можат младите одблизу да се запознаат со процесот на правењето вести, без разлика дали станува збор за весник, телевизија, радио или онлјан медиум. Повторно ќе има конкурс за најдобар медиумски производ „Изрази се преку медиумите“ и летен камп за медиумска писменост.

Сите овие активности и содржини на „Медиум“ ќе се објавуваат на веб страницата www.medium.edu.mk, која до крајот на годината ќе биде збогатена со едукативни ресурси за медиумска писменост.

## Ученичката компанија на „Арсени Јовков“ победи во Норвешка

Учениците од СУГС „Арсени Јовков“ го освоија првото место на Меѓународниот саем на ученички компании, што се одржа на 11 март во Кристијансанд, Норвешка, во рамките на проектот „Маркетинг иницијатива на ученици за професионална ориентација и развој“ од програмата Еразмус+. За успехот добија и чек од 2.000 норвешки круни. Присутни на неколку штандови, учениците го претставија националното културно наследство и традиција како неоткриена туристичка атракција и презентираа софтверски решенија за калкулирање трошоци во ученички компании.




Саемот беше собир на креативниот дух и претприемничката иницијатива на учениците и на него можеа да се видат бројни бизнис идеи.



Зоран Златковски, координаторот на проектот, смета дека учеството на младите на вакви настани е многу значајно, затоа што претставува можност за самоизразување и развивање на иновативноста и креативноста, категории кои секогаш се поврзуваат со успехот на учениците. Следува слично претставување на македонските ученици во Полска.

**Сара Поповска, ученичка во трета година во „Арсени Јовков“**

## Ораторска вечер во „В. А. Дрен“





Средното економско-правно училиште „В. А. Дрен“ од Скопје ги избра тројцата најдобри оратори кои ќе го претставуваат училиштето на „Образовното рандеву“ што Младинската асоцијација на средни стручни училишта во Македонија (МАССУМ) ќе го одржи на 22 и 23 април во Скопје. Тоа се Марија Смилковска (прво место) и Филип Поповски (второ место), двајцата од трета година, и матурантката Марија Даниловска (трето место).

Претставниците беа избрани на четиринаесеттите „Ораторски вечери“, што училишниот ораторски клуб ги организира секоја година. На настанот, кој го координираше професорката Анета Стефановска, учествуваа десет ученици.

**Марија Смилковска, III година во „В. А. Дрен“**

## Заврши третата средношколска програма „Амбасадори на мирот“





22 ученици од различни училишта во градот Скопје учествуваа на третата генерација од средношколската едукативна програма „Амбасадори на мирот“, што ја спроведува неформалната организација People to People International - Skopje (PTPI). Во текот на февруари и март, PTPI организираше четири вonнаставни обуки за тимска работа, лидерство, изразување критички став и човекови права. Програмата содржеше предавања за младински движења и поттикнување на критичкото размислување. Говорници беа Теано Кардула од Средношколскиот пленум и Дарко Малиновски од Студентскиот пленум, коишто говореа на темата: „Тимови со хоризонтална структура“. Професорката по социологија Надица Таневска Јанева имаше предавање насловено како „Изразувањето критички став во училиште“, а се одржа панел-дискусија за предизвиците на лицата со попреченост во Македонија, со лица со попреченост и со нивните семејства. Програмата заврши со две дебати на темите: „Овој дом верува дека гласањето треба да е задолжително“ и „Овој дом верува во економија пред екологија“.

**Ангел Димитриевски, стипендист на Високата школа и претседател на People to People International Skopje**



## Сефте учество на натпревар за роботика



Ученици од „Ј. Б. Тито“ првпат ја претставија државата на меѓународниот натпревар за роботика „FIRST Лего лига“, што годинава се одржа во Љубљана, Словенија. Овој реномиран натпревар, на којшто учествуваат 80 земји во светот и којшто се организира веќе 10 години по ред во различни држави, има за цел да ја поттикне креативноста кај учениците од основното и средното образование преку презентација на нивни иновации во науката, технологијата, а особено во математиката. Секоја година темата на којашто учесниците се докажуваат е различна, а годинава беше посветена на екологијата. Десетчлениот македонски тим „Лего фаланга“ се претстави со робот и со постер. Своите трудови учениците ги изготвија со менторска поддршка од професорките Маргарета Кушевска, Александра Коруноска, Кристина Павлоска и Кристина Битракова.

Учениците од програмата Меѓународна матура при истата гимназија минатата недела ја организираа 19-тата уметничка изложба во салонот „Мала станица“ во Скопје. Изложбата беше дел од нивниот испит по визуелни уметности.



Медиум

**Уредник на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Саша Белевска **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Татјана Б. Ефтимоска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

## ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

### СТОЈАНЧЕ СТОИЛОВ



Фото: Дарко Андоновски

Кои се прогнозите за претстојните натпревари на Вардар, ќе играме ли конечно на Олимписки игри, но и на што се сеќава од неговиот средношколски живот - се само дел од темите за кои нашата екипа разговараше со Стојанче Стоилов

# Стоилов: И денес ги имам истите другари како и во средно

Еден од милениците на навивачите и на пошироката ракометна публика, пикерот на ракометниот клуб „Вардар“ и на машката ракометна репрезентација на Македонија, Стојанче Стоилов, е „Фаца на месецот“ во првиот број од новата сезона на „Медиум“. Неговиот клуб минатиот викенд се пласираше помеѓу осумте најдобри екипи во Европа. Ова не е првпат, но дали ќе можеме да навиваме за македонски клуб во полуфиналето на Лигата на шампиони – е едно од прашањата за нашиот соговорник. „Балерината со големина на мечка“, како што го нарече еден европски ракометен коментатор, исто така зборуваше и дека врв во репрезентативната кариера на оваа генерација ракометари ќе биде ако тие за десетина дена успеат да ја обезбедат „визата“ за Олимписките игри во Рио. Стоилов за „Медиум“ сподели сеќавања од неговите средношколски денови и неколку совети за денешните тинејџери кои имаат амбиции во спортот.

**Во четвртфиналето ќе се соочите со Веспрем, тоа е тим со којшто добро се познавате, имате одиграно многу меѓусебни натпревари, и во Лигата на шампиони и во регионалната Сеха. Каков е твојот коментар за противникот?**

Точно е дека многу добро се познаваме, одигравме голем број натпревари овие две години со нив. Тие се цврста екипа, ние ги почитуваме, а и тие нас. Мечот со нив ќе биде „да се биде или не“ и се надевам дека ние ќе сме тие што ќе излезат како победници.

**Колку тоа познанство може да помогне или да одмогне?**

Некогаш, кога мислиш дека некого го познаваш многу добро, може тактички да се спреми поинаку и да те изненади. Истото можеме и ние да го направиме. Тоа ќе биде тактичко надигрување помеѓу шпанските тренери на двете екипи, кои постојано размислуваат за тактиките и го следат противникот.

**Се чини дека очекувањата кај публиката, од сезона на сезона, се сè поголеми за подобар пласман, за играње на завршниот турнир, „фајнл форот“, во Келн. Прави ли тоа дополнителен притисок или, пак, е мотивација?**

Знаеме дека од година на година очекувањата се поголеми. Мислам дека тоа не ни прави некој притисок. Ние сме професионалци и знаеме зошто сме тука и треба да си ја завршиме работата што е можно подобро.

**Има ли Вардар сила да се пласира оваа година на „фајнл форот“ во Лигата на шампиони?**

Ова е трета година по ред откако се формираше овој „нов“ Вардар. Првата година бевме многу блиску, следната година исто така стигнавме во четвртфинале. И сега трета година по ред се кажувам истото, се надевам дека токму оваа е таа кога ќе успееме да ја израдуваме нашата публика и конечно да се пласираме на завршниот турнир.

**Покрај актуелните случувања во Лигата на шампиони, за десетина дена е и квалификацискиот турнир на којшто ќе настапите со репрезентацијата за пласман на Олимписките игри во Рио. Тоа е пречката која треба да ја надминете за да се запишете во историјата. Каков е твојот коментар во пресрет на квалификациите?**

Вторпат ја имаме оваа шанса и треба да ја искористиме. Да играш на Олимпијадата е врв во кариерата. Ако успееме, тоа ќе биде првпат некој екипен спорт да игра на Олимписки игри. Сметам дека сме зрели за тоа и сериозно мора да ја искористиме шансата што ни се нуди и да не „кикснеме“ како претходниот пат. Слушам муабети дека групата била лесна, а воопшто не е. Тунис е една многу незгодна екипа, за Полска веќе знаеме. Теренот во Полска ни е познат и се надевам дека ќе го видиме Рио.

**На која победа најмногу си се израдувал, а кој пораз најтешко ти паднал?**

Има многу такви. На пример, таа година кога освоивме титула со „Вардар“ во домашното првенство, а „Металург“ беа фаворити, последната победа со тренерот Веселин Вујовиќ. Секогаш ќе ја памтам и ќе зборувам за неа, како една од подрагите победи во животот. А пораз што најмногу ме погодил е тој против Флензбург пред две години, иако не играв, туку бев на трибини, и затоа мислам дека уште потешко го прифатив тоа. Секунда недостигаше да се пласираме на „фајнл форот“.

**Кога и како Стојанче Стоилов почна да се занимава со ракомет?**

Моите почетоци беа доцна, играв кошарка до 18 години, случајно почнав да се занимавам со ракомет. Вујко ми, како ракометен тренер, прилично долго време ми досадуваше: „ајде ракомет, ајде ракомет“. Јас во почетокот одбивав, бев вљубен во кошарката, но на крај си дадов шанса да се обидам во ракометот и останав во него.

**Точно ли е дека важиш за еден од најголемите шегаџии меѓу твоите соиграчи?**

Можеби е точно, знам често да дофрлам некои сеир-муабети и да се „закачам“ со некого, ама знам и да прифаќам шеги на моја сметка.

**Со кого од ракометарите од Вардар и од репрезентацијата најчесто се дружиш? Колку имате време за ноќен живот?**

Од клубот тука се Филип Лазаров, Дејан Манасков, а од репрезентацијата се и Филип Мирковски, Гоце Георгиевски... Повеќето од играчите од репрезентацијата се во странство, па можеме да се гледаме само кога имаме собир или за летниот одмор. Со тие што се тука често се гледаме. Од клубот, исто така, најмногу се дружам и со Страхиња Милиќ и Илија Абутовиќ. Порано повеќе можев да си дозволам излегувања навечер, сега, како што стареам, сè помалку излегувам и јас и другите.

**Која е жртвата што треба да ја направиш за да можеш да се посветиш и да успееш во кариерата?**

Се откажуваш од некои моменти важни за тебе или за оние што ти се важни во животот. На пример, кога имаш натпревар во странство, не можеш да си тука за некој роденден, да прославиш ако на некој близок му се родило дете. Тоа се моменти кои едвај ги чекаш, а поради обврските не можеш да си тука. Ние немаме работно време, но се случува да тренираме или да имаме натпревар за време на празници и слични ситуации.

**На што најмногу се сеќаваш од твојот средношколски живот? Што ти останало од тој период?**

Мислам дека не бев омилен помеѓу професорите. Но оттогаш ми останаа дружењата – со истите луѓе се дружам и до ден-денес. Од часови не бегав често, но периодот кога почнав да тренирам ракомет бев токму средно, па понекогаш мораше да отсуствувам.

**Колку е ракометот популарен помеѓу средношколците?**

Сметам дека е, и тоа многу. Има многу деца кои ме среќаваат на улица или на Фејсбук ми пишуваат реакции. Мислам дека ракометот влева надеж кај младите дека може да успеат во спортот, доказ е и тоа што има сè повеќе школи за ракомет. За да успееш во ракометот или во кој било друг спорт, треба да почнеш уште од мали нозе.

**Постои ли формула за успешна кариера?**

Некоја посебна формула, сметам дека не. Пред сè, потребна е напорна работа, да имаш повеќе среќа да ги избегнеш повредите.

**Александар Самарџиски, новинар на „Нова Македонија“ и дипломиран студент на Високата школа**

### Што зборуваше Стојанче пред пласманот во четвртфиналето?

Нашата редакција разговараше со Стојанче Стоилов три дена пред нивниот реванш натпревар со полската екипа на „Висла Плок“, односно пред нивниот пласман меѓу најдобрите осум клубови во Европа.

- Ние сме веќе навикнати на вакви натпревари. Нерешено игравме на гости, што е добар резултат, но треба да победиме тука. Притисокот е врз нас. Лани во осминафиналето исто така игравме со нив. Таму изгубивме катастрофално, а потоа тие во Скопје изгубија катастрофално. И сега реваншот го играме дома, мислам дека пред нашата публика секогаш е полесно и се надевам дека нема да ги разочараме навивачите – ни прокоментира Стоилов, кога го прашавме за неговите очекувања и атмосферата пред натпреварот.




Фото: Игор Банскољиев

## ДВА НА КВАДРАТ

АНА КОСТОВСКА, АКТЕРКА

### Да се надеваме дека младите ќе ја донесат културата



**МЕДИУМ: Што работите во моментов и која улога досега Ви е најомилена?**

**АНА:** Во моментов сум во Скопје, не работам ништо затоа што сум игнорирана и маргинализирана во институцијата каде што сум вработена. Кога станува збор за мојата омилена улога во Драмски театар, тоа е улогата на кметницата во мојата дипломска претстава „Соблажна во Сентфлоријанската долина“ од Иво Цанкар, а во режија на мојот професор Владимир Милчин.

**МЕДИУМ: Колку е театарот популарен помеѓу младите?**

**АНА:** Според моите согледувања, младите поим немаат од театар, се разбира, со чест на исклучоците. И тие не се виновни за тоа. Бомбардирани се со површни содржини на сите страни, „риалити шоуа“ и фолк хистерии, а од театарот добиваат, речиси исто, историско-националистички патетици и што е најстрашно, лажни памфлети, евтини засмејувачки „драмулетки“ каде што врв на духовитоста е пцуење и спомнување гениталии. Малку од тинејџерите знаат за Шекспир, Молиер, Брехт. Сочувствувам со тинејџерите, светот не им се погоди, а театарот уште помалку. Од друга страна, пак, искуството ме учи дека лоши времиња изнедруваат силни луѓе. Да се надеваме дека тие млади ќе ја донесат културата со времето што доаѓа. **А.С.**

ОГНЕН ЈАНЕСКИ, ТВ ВОДИТЕЛ

### Негувајте ги слободната мисла и говорот



**МЕДИУМ: Огнен Јанески повеќе го знаат пензионерите преку „Очи в очи“ на ТВ 24 Вести, но го препознаваат и средношколците. Која публика ти е подрага?**

**ОГНЕН:** Точно е дека повеќе сум препознатлив кај повозрасните, но со средношколците нè поврзува Средношколскиот пленум, за којшто сум пресреќен што се формираше. Преку маршот на 13-те илјади, младите посочија колку се силни и каква авангардна младина ја очекува оваа држава. Мојата соработка со нив е изразена преку другата емисија, „За животот“, каде што средношколците можат да ми гостуваат и да ги посочат своите проекти или идеи кои заслужуваат јавно внимание.

**МЕДИУМ: Има ли разлика меѓу денешните и средношколците пред 10 години?**

**ОГНЕН:** Други беа времињата кога бев средношколец пред десет години во гимназијата „Мирче Ацев“ во Прилеп, на отсекот странски јазици и компаративна книжевност. Можеби не беа толку различни самите по себе, колку поради поедноставниот начин на живеење. За да се истакнеш меѓу врсниците требаше да бидеш подобар од другите во нешто, правејќи го тоа успешно. Денес истакнувањето се изразува преку присутноста и популарноста на друштвените мрежи. Мислата е особено важна. Слободата на говорот е столб на здраво демократско општество, која мора да се негува уште од училишните клупи. И тоа мора да им биде императив на образовниот кадар, на родителите, на граѓаните, а пред сè, да им биде всадено на младите дека е особено важно да мислат слободно. **А.Т.**

КАДЕ БЕВМЕ?

# Богата историја, секојдневие полно со проекти и натпревари

Само што ќе му се приближите на центарот на Штип, десно од реката Брегалница, пред вас гордо се истопорува големото, светложолто здание на славната штипска гимназија „Славчо Стојменски“.

- Со голема чест и гордост го носиме името на штипскиот визионер, идеолог и револуционер Славчо Стојменски, кој на 11 октомври 1953 година е прогласен за народен херој и патрон на нашето училиште - вели Татјана Кокотова, заменик-директор на училиштето.



– Голема одговорност е, и лична и колективна, да се сочува угледот на 100-годишниот образовен столб на градот, особено во време на крупни и турбулентни општествено-политички, економски, техничко-технолошки и социјални промени, вели Татјана.

Во сите периоди од постоењето, училиштето играло важна улога во животот и развојот на Штип и Штипско. Стручниот кадар давал голем придонес во развојот на просветата и културата на градот и околу него. Штипската гимназија дала четири народни херои во НОВ и Револуцијата: Ванчо Прке, Славчо Стојменски, Михајло Апостолски и Љупчо Арсов. Во клупите на оваа гимназија учеле бројни дејци, литерати, политичари и лидери кои во најтешките денови од развојот на државата ја презеле одговорноста во свои раце. Некои од нив се починати, а некои сè уште творат, работат и ја промовираат земјата во светот. Такви се, на пример, Киро Глигоров, Ацо Шопов, Александар Грличков, Димче Беловски, Михаил Ренџов, Методи Чепреганов, Жан Митрев и многу др.



Денес во ова училиште наставата се изведува според концептот за реформирано гимназиско образование. Во гимназијата, во 27 паралелки со двосменско работење, учат 681 ученик, за чијашто наобразба се грижат 45 наставници.

При изборот на учениците на воншколските активности кои се реализираат низ повеќе клубови и секции, доаѓа до израз нивната наклонетост кон различни хобија, желбата за продлабочување на знаењата, слободната волја и изразувањето. Всушност, воншколските активности се и најдобар показател за афинитетите и творечкиот потенцијал на учениците, па со менторска поддршка на одговорните професори, учениците пофокусирано се насочуваат кон реализација на креативниот дух. Оттука, неизбежни се посетите на изложби, на Саемот на книгата и промоции на книги, на спортски и други натпревари, на дебатни турнири, на литературни конкурси и литературни читања и др. Гимназијата учествуваше на трибината „Ден на сеќавање: 73 години од депортацијата на Евреите од Штип“, што ја организираше Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип. Настанот ги оживеа спомените за соживотот на еврејските семејства со останатите сограѓани во Штип, но и мачните сеќавања за трагичното депортирање на Евреите во концентрационите логори.









Воншколските активности се реализираат и во рамките на повеќе секции и проекти. Во литературната секција учениците, љубители на пишаниот збор, се запознаваат со литературната уметност, негувањето на македонскиот литературен јазик, правилно говорење и изразување низ проза и поезија. Училиштето е претставено на бројни литературни манифестации и има учествувано на тематски конкурси и читања. Преку постојана анализа на состојбата на животната средина, еколошката секција ги следи 7-те чекори на екоменаџментот и врши интеграција на воспоставените екостандарди. Се грижи за хигиената во училиштето, што е императив и за учениците и за сите вработени. Гимназијата посветено работи врз меѓуетничка интеграција во образованието: преку работилници за уметност, учениците не само што учат нови знаења и вештини туку се здобиваат и со разбирање за различностите околу нив и за мултикултурната средина. Училиштето има неколку спортски секции (пинг-понг, ракомет, одбојка, кошарка).

Кариерниот центар ги насочува учениците кон нивната идна професионална ориентација преку програмата „Подготовка за вработување и работа“. Гимназијалците се стекнуваат со неопходните вештини за барање работа: пишување куса биографија и мотивациско писмо, подготовка за интервју за работа, јавно говорење, презентирање и претприемништво.

Посветеноста кон работата резултира и со учество и постигнати успеси на различни натпревари. Ученикот Никола Радмановиќ го освои првото место за најдобар есеј по англиски јазик, а Јована Илиева се врати како третонаградена на Државниот натпревар по математика.

СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип беше дел од научната трибина „Ден на сеќавање, 73 години од депортацијата на Евреите од Штип“, во организација на Правниот факултет при УГД – Штип, на која ги оживеавме спомените за соживотот на еврејските семејства со останатите сограѓани во Штип, но се присетивме и на трагичното депортирање во логорите на смртта на овој вреден и мирољубив народ.

## ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Гејмерство: Хоби, професија или заработка?



Фото: Игор Бансколиев

**Продолжение од стр. 1**

- Гејмерството може да претставува излез од секојдневните проблеми, може да послужи и како алатка за развојот на младите луѓе, а секако, може и да е најважната споредна работа на светот, во зависност од тоа колку време се конзумира. Секако, доколку станува збор за талент, тогаш лесно може да премине и во спорт, односно во професија. Како што реков, зависи од посветеното време, желбата и пасијата – објаснува гејмерот Бојан Бојаџиевски.

Тој со гејмерство се занимава дваесет години, учествувал на низа натпревари, со неговиот тим бил и светски првак во стратегиската игра „Артик комбат“, а освоил и европско првенство.

Вели, „гејмингот“ секогаш бил популарен меѓу младите во Македонија, но во минатото немало голема бројка на вистински натпреварувачи во е-спорт.

- Мислам дека, со текот на времето, сè повеќе таленти извираат од овие простори во многу игри и воедно би сакал да им ја изразам мојата безрезервна поддршка на сите оние коишто веќе се занимаваат со нив или имаат таква намера во иднина, бидејќи е-спортот никогаш не изгледал подобро и секојдневно сè повеќе се развива – порачува Бојаџиевски.

Кај нас постои и Е-спорт федерација, формирана е во 2009 година и функционира како организација од повеќе здруженија. Како што нè информираа оттаму, официјални надлежности сè уште немаат, но се единствена организација која се занимава со проблематиката на е-спортот во Македонија.

- Е-спортот ги има сите елементи како и популарните спортови, професионална лига, натпреварувачки елементи, тренинзи, платформи, меѓународна федерација и огромен број спонзори. Кај нас има потенцијал за развој, секако, но најважно од сè е спонзорството од страна на големите компании – вели претседателот на Федерацијата, Бобан Тотовски.

Национални првенства престанале да организираат пред три години, но наскоро најавуваат нивно повторно организирање поради враќањето на игрите „Кантер страјк“ на меѓународната е-спорт сцена.

И Тотовски сведочи дека кај нас има голем број е-спортисти, кои, покрај под името гејмери, познати се и како сајбер-атлети, а нивната возраст е од 12, па сè до 40 години. Годинава, како што најави тој, на светското првенство во Џакарта ќе има и македонски претставници во најмалку две дисциплини.

Додека домашните гејмери може да се сместат на исто ниво со оние од развиените земји, регулацијата на е-спортот е чекори наназад. Минатиот месец во Собранието на Република Македонија се одржа дебата за развојот на е-спортот во земјава и негово законско регулирање. На неа присуствувале и членови од Македонската е-спорт федерација.

- Ние досега имаме испратено дописи до надлежните институции, запознаени сме со процедурите и во тек сме со настаните. Закон за е-спорт или дел од законот за спорт што ќе ја регулира оваа дисциплина е повеќе од потребен, но треба многу препреки да се преминат. Сепак, ние од 2005 година работиме врз оваа проблематика и сигурни сме дека ќе успееме, само е прашање на време – смета Тотовски.

Очекуваат, како што вели, надлежните институции повторно да ги контактираат за заеднички, во соработка со оние кои се упатени во областа, да придонесат кон развојот на овој спорт.

**Александар Самарџиски**

### ДАЛИ ИГРИТЕ СЕ ИСПЛАТЛИВ БИЗНИС?




Наградите за гејмерите кои се доделуваат на едно првенство, велат упатените, често знаат да надминат и сума од еден милион американски долари. Од друга страна, пак, игрите се бизнис што е исплатлив и за оние што ги креираат.

- Дефинитивно е исплатливо. Постојат дистрибутивни мрежи за продажба на онлајн игри, каде што можеш да ја презентираш сопствената идеја и да ја продадеш играта. Битно е дека пазарот е глобален, а со глобален пазар следува поголема можност за профит – вели Андреј Петров, кој заедно со уште тројца негови другари, Вожирад Живовиќ, Матил Солев и Драган Миковиќ, оформил тим („Ласт минит – Чек ин“) што се занимава со креирање и развој на игри. Двајца од нив се 3-Д артисти, а другите се програмери.

- Прво треба многу љубов кон ова за да направиш еден вид интерактивно уметничко дело. Потребни ти се познавања од многу полиња: филм, камера, социологија и психологија, програмирање, класична и дигитална уметност, процедурално нелинеарно системско размислување за дизајн на целокупниот гејмплеј и, се разбира, многу време – објаснуваат тие.

Учествувале и на натпревар, каде што, за да направат концепт на една игра и да ја развијат идејата, им биле потребни 40 часа, но велат, за таа да биде совршена, потребно е да се работи многу повеќе. Сметаат дека, како што постојат талентирани гејмери, така има и способни луѓе да направат конкурентна игра за светскиот пазар.

- Сè повеќе и повеќе луѓе од земјава купуваат игри преку „стим“, мрежата за дигитална дистрибуција на игри, преку „Ориџин“ или преку самите веб сајтови на игрите. Дури и се купуваат игри пред да бидат официјално објавени, во претпродажба – велат од тимот.

### ИГРИТЕ ИМААТ И НЕГАТИВНИ И ПОЗИТИВНИ ПОСЛЕДИЦИ

Игрите може да предизвикаат зависност, тинејџерите кои се занимаваат со гејмерство често се сживуваат со содржината на играта и сакаат да продолжат со тоа, повторно да поминат низ истите авантури. Ова е објаснувањето кое го дава психологот Мирјана Стојановска-Јовановска, која вели дека тоа може да се очекува, исто како и при читањето интересна книга која не ти дозволува да ја оставиш без да ја дочиташ.

- Ако гледаме од негативен аспект, може да се каже дека децата немаат доволно физички движења, апаратот за движење им е во мирување. Исто така, личноста ќе се изолира и психолошки. Тоа е виртуелен свет и ако поминуваат долго време со видеоигри, ќе немаат контакт со реалноста, со најблиските, со другарите – вели Стојановска-Јовановска.

Во оваа насока, таа ја додава и опасноста од зголемување на агресивното однесување ако се играат игри кои имаат таква содржина.

- Често родителите немаат доволно време, па индиректно го поддржуваат детето да седи пред компјутер и да игра. Најбитна е врската на детето уште од мали нозе со родителите, кои треба да му ја објаснат разликата меѓу виртуелниот свет и реалноста – смета психологот.

Видеоигрите, како што објаснува таа, имаат и позитивен ефект, како што се развивање на концентрацијата, способноста за брзо реагирање, учење на работата со компјутер итн.

### ЗА УСПЕХ ПОТРЕБНИ СЕ ТАЛЕНТ И ВЕЖБАЊЕ



За да бидеш успешен гејмер, потребен е талент, но и многу вежбање со цел механичко усовршување, смета гејмерот Бојаџиевски, додавајќи дека е неопходно и идеално опкружување, како што се добра интернет конекција и современ компјутер.

- Дневно, како и во секој професија , е-спорт играчите посветуваат по осум часа, некогаш и повеќе, во вежбање. Не е ни чудо што многу од нив ги завршуваат кариерите во моментот кога ќе почнат здравствените проблеми, како проблеми со зглобовите на рацете или, пак, нарушување на видот. Кога ќе се земат сите овие работи предвид, ќе ви стане јасно дека навистина се работи за спорт и занимање, а не само залудно трошење на времето како што мислат повеќето од нашите генерации – објаснува искусниот гејмер.

### ВНИМАНИЕ ЗА ИГРИТЕ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Неодамна, во САД се одржа меѓународна конференција на бизнис-секторот и на експерти од областа на правењето игри. Во неа беа ангажирани млади луѓе од целиот свет, кои имале задача онлајн да ги следат дебатите и да направат видеа од највпечатливите говори. Помеѓу нив имало и педесетина Македонци. Додека сè уште се изработуваат видеата и се подготвуваат извештаите, ние контактиравме со 20-годишната студентка Јована С., која ја следела конференцијата. Не можеше да ни даде детални информации, но ни ги пренесе своите впечатоци.

- Од многуте теми на конференцијата, ми остави впечаток еден говор за игри за лица со одредена попреченост. Говорникот истакна дека сосем малку игри постојат за овие лица, а пак, од друга страна, има голема заинтересираност и потенцијал за заработка и од вакви игри. Дополнително, рече дека тие лица можат и да комуницираат со овие игри доколку интерфејсот е едноставен за употреба за лица со попреченост. А и во зависност од тоа каква попреченост имаат, така треба да биде и конструиран интерфејсот – вели студентката.

ПРЕДРАГ ВАСИЌ , УЧЕНИК ВО ТРЕТА ГОДИНА ВО ГИМНАЗИЈАТА „Ј. Б. ТИТО“ ВО СКОПЈЕ

# Момчето што им дава живот на старите патики и автомобили



„Сè почна пред една година кога, како кошаркар, доживеав потешка повреда. Мојата енергија ме поттикнуваше постојано да барам нешто коешто ќе ме исполни и ќе го пополни моето време. Идејата ме пронајде мене, не јас неа. Тоа беше моја прва љубов и инспирација. Има познато име - Wolksvagen Bug или познатата ’буба‘.“ Вака Предраг Васиќ (@pecovasic), ученик во трета година во гимназијата „Ј. Б. Тито“ во Скопје, раскажува за својата пасија – фотографирање автомобили.

**Како се сретнавте со првата љубов?**

„Дедо ми имаше жолта ’буба‘ во којашто, како мал, уживав да се возам. Подоцна моите ја продадоа и јас речиси ја имав заборавено. Но откога се случи повредата и откажувањето од кошарката, на 13 години, шетајќи се еден ден низ населбата Аеродром, ја здогледав старата ’буба‘ на дедо ми. Од тој ден започнав со фотографирање и проучување на овој модел автомобили. Нема ден без да најдам некоја ’буба‘, да ја фотографирам, па дури и да ги чекам сопствениците за да разговарам со нив за автомобилот. Едноставно, ми стана опсесија, целата соба ја украсив со ’буби‘. Често им велев на родителите дека сакам мојот прв автомобил да биде ’буба‘ и секогаш добивав краток одговор: ’Предраг, прво порасни, па ќе разговараме каков автомобил ќе возиш‘. Сега имам профил на Инстаграм @skopjecars, на којшто ги постирам моите ’буби‘ и други автомобили кои можат да се сретнат низ улиците на нашиот главен град“.







**Предраг не е само вљубеник во автомобилите. Тој има и уште една своја страна, уште поинтересна и уште понеобична. Со нас ја сподели и својата опсесија кон старите износени патики.**

„Отсекогаш сакав да бидам различен во стилот од другите. Сакав да оставам некаков печат, да покажам некаква оригиналност. Во тој обид за пркос кон масата, спаѓаа и патиките кои секогаш беа со посебен детаљ и боја. Патиките во кои бев вљубен ми се искинаа и ми беше жал да ги фрлам. Затоа решив да ги залепам и пребојадисам. И така започна сè... Прво моите стари патики беа ’репарирани‘, за подоцна да почнам да купувам нови и да ги украсувам со интересни уметнички ефекти. Досега сум предизајнирал 17 пара патики – дел стари, дел нови, но сите го исполнуваат единствениот критериум – да се различни од мноштвото“.

**Што е следно, Предраг? Можеби изложба или, пак, нешто сосема друго?**

„Планирам да продолжам со фотографирањето на ’бубите‘. Сакам да имам изложба на сите мои фотографии и дизајнирани патики. Сето тоа би го направил во чест на мојот дедо. Ова е мое хоби, кое полека станува моја професија. Истовремено, при крај се подготовките за отворањето на моето прво студио за креирање патики во Скопје.“

**Виктор Бучковски и Трајче Јакимовски, III-9, гимназија „Орце Николов“ Скопје**

# Уметници меѓу економисти и правници





Марко Тасевски и Ненад Ракиќ, освен што одат во исто училиште - СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“, имаат и иста пасија – уметноста.

18-годишниот Марко се пронашол во цртањето портрети. Се извештил, како што вели, кога бил шесто одделение, гледајќи туторијали на Јутјуб како да го нацрта Боб Марли. На 16-годишна возраст ја имал првата изложба „Зимска Хавана“ со 30 цртежи, во Домот на културата во Скопје. „Секојдневно цртам, работам и се надградувам. Годинава планирам да ја отворам и мојата втора самостојна изложба која ја подготвувам подолго време. Во план ми е и уписот на Академијата за ликовни уметности во Скопје“ – вели Марко. Себеси се гледа како иден дизајнер, со сопствено студио за тетоважи.




На Ненад, пак, пасија му се графитите. Толку му се видела интересна типографијата и цртањето букви и пораки што дури почнал да учествува и на натпревари. На Средношколските игри освоил две награди – во 2014 г. прво место, а лани – второ место. Учествувал на бројни настани, а горд е што бил дел од кампањата за борба против насилството врз жените и девојчињата, што ја организирало неговото училиште. И Ненад, исто како и Марко, се гледа себеси во графичкиот дизајн.



## ЈАС МИСЛАМ ВАКА

Р.Д., УЧЕНИК ВО ГИМНАЗИЈАТА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ - СКОПЈЕ

# Турбофолк наезда

(сцена: скопско кафуле во центарот на градот. Околу масите собрани групи од нашминкани девојки со високи потпетици и намирисани момчиња. Во задницата ечат турбофолк стихови кои ги пленат гостите-тинејџери:

*„алкохолна поплава,*
*а још на ногама,*
*знам да негде после три*
*носиче ме другови...“*)

Не знам зошто, ама овие стихови и ноти не ме палат. Не знам зошто најголемиот дел од мојата генерација е среќна на овие ритми? Навистина не ми е јасно која е таа енергија што ги крева сите на маса со кренати раце и сите во еден глас да ги пеат овие глупави стихови? Ја следите ли мислата, ги следите ли глупостите, го гледате ли простотилакот во тие стихови?

Татко ми ми раскажуваше дека турбофолкот се појавил токму во периодот кога тој бил на мои години. Но тогаш, вели, тие што станувале да играат во тој ритам биле сметани за недостојни да бидат дел од нивното друштво. И биле малцинство. По два-тројца во клас. И толку. Во нивна близина им било срам што било да зборнат на таа тема. Си молчеле, излегувале на други места, некаде на периферија на градот и таму каде што никој не ги гледал, ослободени од погледите на презир, слободно си ги празнеле своите ниски страсти заедно со песните на Цеца, Брена, Брунцлик, Шабан Шаулиќ... Едноставно, си го знаеле местото.

Не знам како и зошто, сега е сè обратно. Малцинството стана мнозинство. Турбофолкот предничи пред рокенролот. Го видов интервјуто на Бобан од „Авалон“ за тие времиња. Ќе го парафразирам: Во мое време Зорица Брунцлик ја слушаа селјаците, а денес таа беше главна ѕвезда на новогодишната програма на една од македонските национални телевизии. Во мое време тоа беше незамисливо! – рече Бобан. Зошто денес нашето културно ниво е многу пониско од она пред само дваесетина години? Еволуцијата на природата налага тоа ниво да биде подобро, повисоко, покултурно. Што се случи? Транзиција, приватизација, демократизација, капитализација, антиквизација? Тоа често го слушаме како дел од проблемите во развојот на македонското општество.

Не сум баш сигурен дека само тоа е причината. Што е со секого од нас? Каде е поединецот? Зошто не реагира? Едноставно не ми е јасно како може стиховите од почетокот на текстот да бидат попривлечни од музиката и пораките на „Бернајс Пропаганда“, на „Архангел“, на „Мизар“, на „Колдплеј“, на „Гриндеј“.

АНГЕЛА МАЏАР ОСУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- ОХРИД УЧЕНИЧКА ВО II-3

# Сакам да живеам во свет исполнет со среќа и љубов



Животот е море од желби, а кормилото на животот води кон нови случувања, гради кула од среќа за испружените раце кон неа. Со раце полни желби да создадеме свет во којшто секој ќе го чувствува мирисот на убавото време и вкусот на љубовта и среќата. Сакам да живеам во соништа, да чекорам во безгрижноста, да сонувам во стварноста, зашто и јас ја носам желбата на секој зачекорен во младоста.

Времето минува, се редат векови, се редат лица, настани. Секојдневието, мечтите и фантазиите го трасираат текот. Технологијата, науката и медицината не успеа да го измени светот. Луѓето трчаат со брзина на светлината, мислиш во неповрат. Еден се кренал толку високо, мислиш ќе полета, а друг, пак, паднал толку ниско. Околу нас насекаде бура од настани. Гледаш, сè е некако лудо... Секогаш се вртиме во круг со исти надежи, соништа, но дали тие ни се остваруваат?! Често лутаме под урнатините на сопствената среќа и тука, под пепелта на своите идеали, стануваме свесни за она што го нема. Дали некој не може или не сака да го смени тоа?

Посакувам да живеам во свет исполнет со мир и меѓусебно почитување, во којшто за војната, гладот и сиромаштијата само се раскажува. Посакувам секој да може да ја почувствува топлината на родното огниште, мајчиниот поглед полн со поддршка и цврстата таткова дланка.

Цврсто држејќи го факелот на животот, во себе наоѓам сила да утешам, да израдувам. Сила која, како музичка кутија, е затворена со катанче, а клучот е во мојата душа. Ќе подадам рака, ќе избришам солза и со искрено срце ќе создадам свет полн со утеха, свет во којшто небото е сино, а тревата е зелена. Свет во кој нема место за неправда.

И само за миг да можев да ви ги дадам очиве мои, да го погледнете светот со поинакви бои. Ќе видите едни очи полни со љубов и желба да се создаде свет во којшто ќе царуваат среќата и љубовта. Да ги дигнеме рацете високо кон сонцето и да викнеме „СТОП“ за војните. Секој да има дом и мирен сон. Да не дозволиме болката и тагата да го уништат праведното човечко срце. Љубовта и пријателството да извираат од нашите срца кон секого.

**НИЕ ИСПРАШУВАМЕ** ГОЦЕ АНГЕЛОВСКИ, ПРОФЕСОР ВО „РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ КОРЧАГИН“

# Математиката му е пасија, а посветените ученици – мотивација



Математичарот што му води и на Леонардо ди Каприо со два спрема еден во добиените „оскари“ – е шегата која изминатиот месец пријателите ја испраќале на адресата на професорот Гоце Ангеловски.

Тој е професор во скопската гимназија „Раде Јовчевски Корчагин“, а предава математичка анализа на два класа од природноматематичките смерови. Вели, статуетките кои „корчагинци“ секоја година им ги доделуваат на своите професори му се помили од какви било други оскари или признанија, бидејќи во работата на еден професор, најважно е учениците да бидат тие кои ја препознаат неговата посветеност и ќе му возвратат со иста мера.




- Да се биде професор не значи само да се биде добар предавач, туку и добар воспитувач. За добро менаџирање и водење на еден наставен час, потребна е и добра комуникација и високо развиена корелација помеѓу наставникот и ученикот. Мотивацијата е основната компонента за солидна повратна информација од страна на ученикот. Правилниот пристап на професорот кон учениците секогаш дава позитивни резултати – вели професорот Ангеловски, додавајќи дека е горд што е дел од наставничкиот кадар на „Корчагин“.

Неговите ученици годинава го избраа за најпосветен професор, а минатогодишните матуранти, пак, му ја доделија статуетката под која пишуваше „најамбициозен“.

Ова е негова втора година во скопската гимназија, а претходно пет години предавал во други средни училишта и во неколку приватни школи. Вели, речиси и да нема час кога не добивал „поплаки“ дека бара и задава премногу задачи, но она што го радува е дека учениците на крајот од денот ќе сфатат оти сите тие маки се исплателе.

„Многу брзо сфативме дека ако ги решиме сите задачи пред време, веднаш ќе добиеме нови, а ако нема, за овој професор не е проблем и да измисли. Животното мото на професорот е додавање и одземање, па така и нам ни додаваше бонус задачи, а ни одземаше од одморот“, стои во посветата од овогодишните матуранти во „Корчагин“.



Во сличен стил била и онаа што минатата година му ја напишале учениците, кои велат оти до неговото доаѓање во нивната гимназија, не знаеле оти еден професор може да го сместат во многу категории.

„Понекогаш беше тешко, и да, се жалевме, но не можеме да ја опишеме нашата благодарност и почит кон овој човек, кому не му беше тешко да остане и девет часа во училиште. Секогаш насмеан и расположен да состави или да реши некоја задача“, велат неговите ученици.

За неговиот метод на работа, професорот вели дека предава и работи со учениците онака како што и самиот ја научил математиката. Предавање, објаснување на задачите, задавање домашни, решавање на табла. Тој за неговите „корчагинци“ направил и веб страница преку која и надвор од училиштето комуницира со нив. Таму им објавува задачи, збирки, домашни, но не заборава ниту да им ги честита празниците или да им посака убав и продуктивен распуст.

А.С.

# БЛИЦ-ВЕСТИ

## АКТИВНОСТИ НА ИСТРАЖУВАЧКОТО ДРУШТВО НА СТУДЕНТИ-БИОЛОЗИ




### Отворен е конкурсот за биофотографија

Истражувачкото друштво на студенти-биолози го објави шестиот годишен конкурс за најдобра биофотографија. Темата на овогодишниот конкурс е „Крилјата над Македонија", со главен мотив за видовите птици кои се сретнуваат кај нас. Целта на конкурсот е луѓето да најдат инспирација во природата, како за уметност, така и за психофизичка благосостојба.

Птицата/птиците треба да се фотографирани во природна состојба, а сценирани или фотографии со вештачка сценографија нема да влезат во изборот. Фотографии од домашни, одгледувани птици и живина нема да се примаат. Право на учество имаат сите, без разлика на возраста, полот, националноста и верската припадност.

Фотографиите се испраќаат на email: biofotokonkurs@gmail.com а се објавуваат на нашиот официјален Facebook fun page Конкурс за биофотографија. Конкурсот е отворен до 15 април.

Наградите се учество на истражувачки акции (15-дневни и еднодневни акции) што ги организира Друштвото на студенти-биолози.

**Марија Тренчева, биолог**

### Птиците на Скопје



Секојдневно, при нашите прошетки низ скопските паркови, на Водно, по кејот на Вардар, се среќаваме со разни птици во сите бои и големини, но колку често застануваме да им обрнеме внимание и дали сме свесни за нивната разновидност? Проектот „Птиците на Скопје", организиран од Истражувачкото друштво на студенти биолози, има за цел да ги проучи и да ја запознае јавноста со птиците кои ги сретнуваме во околината на нашиот главен град. Редовно се организираат теренски активности со цел да се открие и да се сподели какви птици се гнездат во нашиот град, зошто токму тука, кога доаѓаат, кога се заминуваат, со што се хранат, како се грижат за младите, како се однесуваат, каква е нивната улога во екосистемите и уште безброј други интересни прашања. Сите одговори на овие прашања, како што ги дознаваме, ги објавуваме на нашиот интерактивен блог (https://pticitenaskopje.wordpress.com). Покрај тоа, има и неколку текстови и многу фотографии кои даваат една основна слика за читателот да се стекне со потребните знаења и јасно да може да ги препознава честите видови. Затоа, следниот пат кога ќе решите да направите една пролетна прошетка по кејот на Вардар, без сомнение ќе знаете да разликувате патки, нуркачи и корморани.

**Андреј Гонев, биолог**

## Учениците да учествуваат во носењето одлуки

Гласот на средношколците треба да се слушне кога се носат одлуки и се прават реформи кои ги засегаат нив, а сето тоа треба да биде законски загарантирано и дефинирано - тоа е она што се бара со Иницијативата поднесена до надлежните институции со цел измени и дополнувања во Законот за средно образование.

Со неа излегоа од Коалицијата на младински организации СЕГА, Младинскиот образовен форум (МОФ) и Првата детска амбасада „Меѓаши", и таа веќе е доставена до Собранието, до Комисијата за образование и до Министерството за образование и наука.

Со иницијативата се бара законски да се дефинира начинот на организирање во рамки на училиштето и нивното учество во носењето одлуки. Дека вакви законски промени се неопходни, според подносителите, покажале низа истражувања, анализи и дискусии спроведени изминатиов период.

- Учениците треба да се вклучени во донесувањето одлуки кои се однесуваат на програмите и реформите во училиштата, да учествуваат во сите форми на одлучување, како што се училишните Совет и Одбор, Наставничкиот одбор, Советот на родители, каде што треба да бидат прашани за нивните мислења и ставови – изјави Зоран Илиевски, извршниот директор на Коалиција СЕГА. Според Дона Костуранова од МОФ, истражувањата покажале оти учениците се способни да ги препознаат проблемите и самостојно да се застапуваат.

Иницијативата е поддржана и од 22 граѓански организации во Македонија и, како што најави основачот и директор на „Меѓаши", ќе бараат од нив и од сите граѓани да учествуваат во Собраниската комисија со сопствени видувања и амандмани.

## Младите имаат право да прашуваат



Да прашаат за тоа што ги интересира, а оние кои ги носат одлуките да им одговорат е право кое им припаѓа на младите луѓе и токму неговото доближување и актуелизирање во младинските кругови е целта на кампањата која што периодов се спроведува низ Македонија. За дваесетина дена на оваа тема ќе се дискутира на Националната конференција по повод Меѓународниот ден на младинското информирање, 17 април.

Кампањата „Правото на младинско информирање: информирај се СЕГА!" ја спроведуваат Волонтерскиот центар – Скопје и младинските информативни и советодавни центри „Инфо сега" од Прилеп и Кавадарци во соработка со Агенцијата за млади и спорт, Коалицијата СЕГА и уште неколку невладини организации од државата.

Организаторите се состануваат со претседатели на класни заедници и на средношколски организации со цел да приберат информации за практиките на младинското информирање во земјава. **А.С.**

# Стрип




www.comicscenter.mk

Автор: Бојана Милчевска

Во соработка со Стрип центар на Македонија